СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# Како до
# ХОРИЗОНТ ЕВРОПА
## програма за конкурентност



## ЕВРОПСКА ПРОГРАМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ 2021-2027



**Издавач**
Стопанска комора на Северна Македонија
Димитрие Чуповски 13
1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Автори**
Јадранка Аризанковска
*Телефон: (02) 3244038, моб. 072 236 711*
*E-mail: jadranka@mchamber.mk*

м-р Ирена Мојсовска
*Телефон: (02) 3244009*
*E-mail: irena@mchamber.mk*

**Дизајн и графичко уредување**
Стево Серафимов

**Печати:**
„Киро Дандаро“ АД
Баница 3, Битола

# Вовед

Европската комисија за следниот седумгодишен период ќе отпочне со објавување на програми кои се наменети за компаниите, истражувачките центри, универзитетите и бизнис асоцијации кои треба да соработуваат заедно за да ја постигнат целта на Европската унија да стана конкурентна и иновативна економија со зголемени капацитети за извоз и интернационализација.

**Новата Програма за истражување и развој „ХОРИЗОНТ ЕВРОПА“ е предвидена да започне на 1 април 2021 година.**



Расположливи средства во рамките на седумгодишниот период на Програмата „Хоризонт Европа“ ќе бидат повеќе од 100 милијарди евра.

Новина во оваа програма е огромната финансиска поддршка за компаниите пред се` во интензивирање на соработката со универзитетите и истражувачките центри во насока на конкретна примена на самите иновации и иновативни решенија во компаниите. Ова значи дека секое истражување мора да има конкретна примена во индустријата во насока на создавање иновативни производи и решенија кои ќе значат и јакнење на европската економија во целина.



Целта на овие програми е да ги поддржи компаниите во нивните напори да создаваат иновации, производи со високи стандарди, да ги подобрат своите технолошки капацитети, да воведат нови високо-технолошки процеси, да ја подобрат соработката со истражувачките институции и универзитетите со цел да ги постигнат зацртаните приоритети на Европската Комисија.

Еден од главните новитети за аплицирање на проекти во рамки на Програмата „Хоризонт Европа" е поедноставениот пристап на аплицирање, особено за малите и средни компании кои треба да покажат во своите проектни апликации дека имаат потенцијал да развијат нови подобрени производи, да ги подобрат своите процеси на производство кои ќе значат заштита на животната средина, ќе создадат поздрави и подобрени производи за потрошувачите и генерално подобрувајќи ги своите конкурентни потенцијали ќе придонесат за создавање на конкурентна и иновативна европска економија.

Европскиот иновациски совет (ЕИС) е друг клучен новитет на „Хоризонт Европа", претставувајќи клучна точка каде што компаниите ќе добијат поддршка во реализација на своите иновативни проекти и преку Европскиот иновациски совет како дел од програмата би се реализирале потпрограмите наменети за компаниите. ЕИС ќе ги продолжи проектите кои досега беа познати како Инструмент за мали и средни компании и Брза трака до иновации, но ќе воведе и други потпрограми кои ќе бидат наменети за МСП.



# Хоризонт ЕВРОПА

# 2021-2027

- Се базира на Европската стратегија 2019-2024, во која се дефинирани приоритетите на ЕУ

- Шест приоритети: Европскиот зелен договор; Европа подготвена за процесите на дигитализација; економија во интерес на граѓаните; јака Европа со почитување на правото; промовирање на европскиот начин на живеење и европска демократија

- Европскиот совет за иновации е инструмент наменет за компаниите

- Програма во која можат да учествуваат компании



# Приоритети на ЕУ 2019-2024

Приоритетите на ЕУ се дефинирани во новата Стратегија креирана за период 2019-2024 година:

**1. Европскиот зелен договор;**

**2. Европа спремна за процесите за дигитализација;**

**3. Економија во интерес на граѓаните;**

**4. Јака Европа со почитување на правото;**

**5. Промовирање на европскиот начин на живеење и**

**6. Европска демократија.**

*Европските фондови, во наредниот седумгодишен период, ќе се насочуваат кон реализација на проектите кои треба да го поддржат постигнувањето на приоритетите. Секој од одобрените проекти ќе мора да покаже дека со самата негова реализација ќе успее да придонесе за постигнување на зададените стратешки приоритети на ЕУ.*



# Европскиот Зелен Договор

- **Прв и најсериозен приоритет на ЕУ**
- **Европски патоказ за одржлива економија**
- **Главна цел е ЕУ да стане климатски неутрална до 2050 година преку зајакнување на ефикасната употреба на ресурсите и со премин кон чиста, циркуларна економија да се поврати биолошката разновидност и да се намали загадувањето**

**За таа цел, Европската комисија ќе спроведе серија иницијативи и повици за проекти кои ќе ја заштитат животната средина и кои ќе ја зајакнат зелената економија.**




За да се постигне оваа цел, ќе биде потребно дејствување од сите сектори и во нашата економија: индустрија, градежништво, енергетика, транспорт и мобилност.

- Новиот акциски план за циркуларна економија, како дел од Европскиот зелен договор, предвидува иницијативи за создавање нови производствени процеси, употреба на рециклирани материјали, иновации во прехранбениот и во текстилниот сектор и изнаоѓање нови начини за пакување на производите, кои нема да создаваат дополнителен отпад, како дел од мерките што се предвидени за создавање почиста и позелена Европа.




- Влегувајќи во процесот на преговори со Европската комисија, и македонските компании и институции ќе бидат обврзани да инвестираат во нови технологии; да ја применуваат енергетската ефикасност во градбите; да го поттикнат рециклирањето материјали, со цел да се намали загадувањето и да ја зајакнат зелената економија.

- За да се постигне оваа цел, ќе биде потребно дејствување на сите сектори во европската економија, вклучувајќи инвестирање во еколошки прифатливи технологии; поддршка за индустријата да иновира; пуштање во употреба на почисти, поевтини и на поздрави средства за личен и за јавен превоз; декарбонизација на енергетскиот сектор; обезбедување поголема енергетска ефикасност кај градбите и работа со меѓународни партнери за да се подобрат глобалните еколошки стандарди.

# ХОРИЗОНТ ЕВРОПА 2021-2027

(https://ec.europa.eu/info/horizon-europe_en)

- Најзначајна 7-годишна програма, целосно достапна и за македонските компании
- Со буџет од 100 милијарди евра на ниво на ЕУ, од кои 3,5 милијарди евра за финансискиот инструмент Invest EU Fund
- Најголема рамковна програма за истражување и за иновации на ЕУ
- Покрива 9 тематски области, во чии рамки ќе се распишуваат повици во следниот седумгодишен период

## 1. ЕВРОПСКИ СОВЕТ ЗА ИСТРАЖУВАЊА

Повици за грантови за напредни истражувачи и за индивидуални грантови за млади истражувачи.



## 2. КЛАСТЕР ЗДРАВСТВО

Повици за грантови на шест теми: Спречување болести; Врските меѓу животната средина и здравјето; Дигитални алатки за здравје; Справување со разни болести; Зајакнување на системите за здравствена заштита и Поддржување на европските индустрии поврзани со здравјето, планирани само за 2021-2022 година.

## 3. КУЛТУРА, КРЕАТИВНОСТ И ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО

Повици за грантови за истражување и за иновации во креативните индустрии за три приоритети: демократија и управа; европско културно наследство и културни и креативни индустрии и општествени и економски трансформации.

## 4. ГРАЃАНСКА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ОПШТЕСТВОТО

Повици за грантови за истражувања поврзани со подобра заштита од криминал и од тероризам: делотворно управување со надворешните граници; заштита на инфраструктурата; кибер-безбедност; отпорност на катастрофи и зголемување на влијанието на безбедносните истражувања и иновации.



## 5. КЛАСТЕР ДИГИТАЛНОСТ, ИНДУСТРИЈА И ВСЕЛЕНА

Повици за грантови за дигитализација на индустријата и на инфраструктурните проекти поврзани со вселената. Програма за зелени и за дигитални транзиции, со цел да се развие стратешката автономија на Европа.




## 6. КЛИМА, ЕНЕРГИЈА И МОБИЛНОСТ

Повици за грантови во шест области преку зелената агенда на ЕУ: Климатски науки и одговори на климатските промени; Меѓусекторски решенија за зелената транзиција; Одржливо, безбедно и конкурентно снабдување со енергија; Ефикасна, одржлива и инклузивна употреба на енергија; Чисти и конкурентни решенија за сите видови транспорт и сигурни, отпорни, превозни и паметни услуги за мобилност за патници и за стоки. Активностите во овој кластер ги поддржуваат спроведувањето на Парискиот договор и целите за одржлив развој на Обединетите нации.

## 7. ХРАНА, БИОЕКОНОМИЈА, ПРИРОДНИ РЕСУРСИ, ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Повици за грантови во областите на биодиверзитетот и на услугите за екосистемот до дигитални решенија за поддршка на Зелениот договор. Во 2021 и во 2022 година може да се очекуваат 19 повици во седум различни области, а финансиите ќе изнесуваат околу 900 милиони евра.

## 8. ЕВРОПСКИ СОВЕТ ЗА ИНОВАЦИИ

**Повици за грантови наменети за иновативни компании**, со потенцијал за зголемување (scale-up) до меѓународни нивоа и до ниво на Унијата, при што нуди брзи, флексибилни грантови и коинвестиции, вклучувајќи ги и оние со приватните инвеститори. Клучна компонента од европската програма „Хоризонт Европа“ е Европскиот совет за иновации, кој ќе биде единствениот канал на Унијата за поддршка на продорни иновации кои создаваат свој пазар.

Европскиот иновациски совет (ЕИС) е клучен новитет на „Хоризонт Европа“, кој  претставува клучна точка каде што компаниите ќе добијат поддршка за реализација на своите иновативни проекти, а преку него, како дел од програмата, би се реализирале и потпрограмите наменети за компаниите.

ЕИС ќе ги продолжи проектите кои досега беа познати како „инструмент за мали и за средни компании и брза трака до иновации“, но ќе воведе и други потпрограми кои ќе бидат наменети за МСП.

## 9. ПАРАЛЕЛНО ДЕЈСТВУВАЊЕ: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО

(CROSS-CUTTING: WIDENING PARTICIPATION)

Целта на програмата е да се засили ефектот од истражувањата во регионите на ЕУ што заостануваат. За да се направи тоа, Комисијата ќе лансира три линии на дејствување: зголемување на вмрежувањето меѓу истражувачите во земјите со намален ефект, преку поврзување со нивните соодветни колеги од земјите предводнички во истражувања и во иновации; пресретнување на одливот на мозоци и охрабрување на слободното движење на млад, едуциран кадар и зајакнување на европскиот истражувачки простор (ERA).



**Програмата „Хоризонт Европа“ се состои од 4 столба, во чии рамки ќе се објавуваат повиците за проекти.**

1. **Столбот „Одлична наука“** е наменет да поддржува истражувачки проекти, подготвени и предводени од истражувачи преку Европскиот истражувачки совет; да финансира стипендии и мобилност за истражувачи преку програмата „Марија Склодовска-Кири“, а ќе вложува и во истражувачка инфраструктура од светска класа.




2. **Столбот „Глобални предизвици и европска индустрија“** е наменет да поддржува конкурентност, да поддржува истражувања на општествени предизвици, да ги засилува технолошките и индустриските капацитети и да создава можности за реализација и за постигнување на целите зацртани во стратегијата „Европски зелен договор“, со амбициозни цели за справување со некои од нашите најголеми проблеми (здравје, климатски промени, чиста енергија, мобилност, безбедност, дигитални проблеми, материјали итн.). Исто така, да поддржува партнерства кои ја вклучуваат индустријата, но и други засегнати страни за

заеднички да се работи на истражување и на иновации.

**3. Столбот „Иновативна Европа“** има цел да ја направи Европа предводник во пазарните иновации (market-creating innovations) и во растот на МСП преку Европскиот иновациски совет и да помогне во развојот на целокупниот европски иновациски потенцијал. **Европскиот институт за иновација и технологија** ќе продолжи со поттикнување на интеграцијата на бизнисот, истражувањето, високото образование и на претприемништвото.

* **70 % од буџетот на третиот столб е наменет за мали и за средни компании** и секој од проектите мора да има барем една вклучена компанија како партнер.

**4. Четвртиот столб „ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКО-ИНОВАЦИСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ“** е наменет за проширување на учеството и за зајакнување на европската истражувачка област, како поддршка на целата програма „Хоризонт Европа“. Овој столб ќе ги поддржи земјите членки на ЕУ, вклучувајќи ја и Македонија како дел од програмата, при напорите да го ослободат својот државен истражувачки и иновациски потенцијал, а особено ќе им помогне на земјите членки на ЕУ кои имаат понеразвиен истражувачко-иновациски сегмент поуспешно да учествуваат во „Хоризонт Европа“.



# ПРОЦЕС НА ПОДГОТОВКА НА КОМПАНИИТЕ

За аплицирање за новата седумгодишна програма „Хоризонт Европа“, македонските компании треба да имаат:

- добро разработена и дефинирана **проектна идеја**, која е иновативна, поврзана со целите на ЕУ дефинирани во стратегијата „Европа 2021-2027“ и во согласност со барањата дефинирани во повикот;

- **партнерство** - конзорциумите се креираат во согласност со заедничките интереси. Минимум 3 партнери од 3 различни земји, но препорачливи се поголеми конзорциуми, како и факултети преку своите истражувачки центри.
  Во рамките на ЕИС се предвидува креирање повици каде што ќе може да аплицираат и самите компании, без креирање конзорциуми, и каде што ќе се задржи правилото идејата и потребата да дојдат од самите компании.

- **финансиски план** - треба да биде поврзан со зацртаните активности во работниот план, со дефинирани директни, индиректни и транспортни трошоци.

**Процесот на регистрација на компаниите за учество на повиците е преку следниве веб страни:**

**1. ECAS** (European Commission Authentication Service)

https://webgate.ec.europa.eu/cas/eim/external/register. cgi




* Во **ECAS** се внесуваат податоци за вашата компанија и се добива **PIC-број** (Participant Identificatin Code) од 9 бројки, кој натаму ќе служи за аплицирање на повици и кој се споделува со партнерите со кои аплицирате на конкретен предлог-проект.

## 2. The Participant Portal

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/home




* Во Participant Portal се објавуваат повиците и апликациите и се ажурираат податоците за вашата компанија.